# FOREVER

N. MACEDONIA

Декември 2019 | Број 218

**SUCCESS DAY**

**12.01.2020**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**





# Добрината е семе кое расте во секоја клима



**„Не го оценувајте денот по собраната реколта, туку по засеаните семиња.“**

**– Роберт Луис Стивенсон**

Размислувајќи колку е важно да даваме, не можам да не се сетам како татко ми Рекс со својот пример инспирира многумина од нас да даруваме. За него секогаш било најважно колку животи можеме да промениме преку Форевер – не само со производите и можноста за бизнис која ја предлагаме, туку и преку емпатија и добротворни цели.

Далеку пред Рекс да нè инспирира сите да одделиме од своето време за пакување на храна и да даруваме средства на организациите Форевер Гивинг и „Да се спротивставиме на гладот“, самиот тој е восхитен од творбите на Роберт Луис Стивенсон. И двајцата со писателот се поврзани со островите Самоа – на млади години Рекс е мисионер таму, а во XIX век Стивенсон имал изградено куќа на полинезискиот остров, бидејќи сметал дека климата подобро му одговара на неговото здравје.

Додека живее на Самоа, познатиот автор стекнал почит и восхит од локалното население со хуманитарните напори и начинот на кој преку неговите творби го привлекол вниманието на светот за тешката ситуација во земјата.

Децении подоцна, Рекс исто се вљубува во народот на Самоа и нивната топла и привлечна култура. Иако самите едвај ги врзувaa двата краја, луѓето со желба ги споделувале домовите и своите трпези. Нивната дарежливост навистина била безгранична, како што Рекс читал во книгите на Роберт Луис Стивенсон.

Од неговата прва посета, Рекс се вратил многу пати на островите Самоа. Го реставрирал домот на Стивенсон и го претворил во музеј кој стана привлечен туристички објект и така ја потпомага економијата на земјата. Рекс одигра важна улога и за заштитата на големи горски површини од дрвосечачите и така им дава можност на повеќе луѓе да го посетуваат убавиот архипелаг и да уживаат во неговата природа и во иднина.

Семето добрина кое Рекс го посеа дава плодови подалеку од островите Самоа и помага за создавањето на мисијата на Форевер. Благодарение на лидерството на Рекс и дарежливоста на нашето Форевер семејство можеме да им помагаме на милиони луѓе во целиот свет преку фондацијата Форевер Гивинг и нашето партнерство со хуманитарни организации како „Да се спротивставиме на гладот“.

Да размислиме сите како може да подариме во претстојните празници. Дали своето време, парични средства, или едноставно неочекуван гест на добрина – семето кое ќе го посееме денес, може да донесе радост и надеж за некого утре.

**Продолжувајте да се насмевнувате,**

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс

# Создадете сопствена верижна реакција





**Бисерите се толку убави и ретки, што лесно забораваме од што се направени – од само едно зрно песок, заробено во школката на остригата.**

За да се заштити од оштетување од груб песок, остригата го покрива зрното песок со седеф, кој се зацврстува и формира бисер. Ова се случува малку по малку секој ден во текот на годините, додека минијатурната незначителна песочинка без никаква вредност не се претвори во нешто скапоцено.

**ИСТО КАКО ШТО БИСЕРОТ НЕ СЕ ФОРМИРА ЗА ЕДЕН ДЕН, ТАКА И ВИЕ НЕ МОЖЕТЕ ДА ОЧЕКУВАТЕ ДА ГО ТРАНСФОРМИРАТЕ ЖИВОТОТ ТОЛКУ БРЗО.**

Претставете си колку треба да се идеални условите за некоја песочинка да пропадне во минијатурниот отвор. Веројатноста една од трилионите песочинки на која и да е плажа да стане бисер е исклучително мала. Но ако тоа се случи, започнува верижна реакција.

Верижната реакција или идејата дека едно дејство води до друго и така натаму, најчесто ја поврзуваме со науката и начинот на кој елементите во нашиот свет комуницираат взаемно. Дали ќе ја наречеме верижна реакција или поинаку, нема сомнеж дека малите дејствија можат да се натрупаат и да доведат до огромна промена.

Вие не сте песочинка и нема потреба да стоите и да чекате околностите идеално да се подредат. Во секое време можете сами да отклучите своја верижна реакција и да ја задвижите. Исто како што бисерот не се образува за еден ден, така и вие не можете да очекувате да го преобразите својот живот толку брзо. Ако секој ден правите мали работи кои ќе ве придвижуваат напред, со тек на времето ќе видите резултати.

Можеби вашата цел е да обезбедите подобра иднина за вашето семејство, со заштеда на некакви средства. Мали промени во буџетот можат да создадат верижна реакција и вашите заштеди ќе растат со тек на времето.

Ако мечтаете да развиете свој Форевер бизнис за да имате повеќе време да патувате и да сте со вашите блиски, додавањето на една или две мали задачи кон секојдневниот список може да има големо влијание. Еден ден, не многу далеку од денешниот, ќе се завртите назад и ќе видите како неколкуте дополнителни минути кои сте ги одделиле за тие мали задачи биле почеток на верижна реакција која довела до повеќе време и убави спомени за вас и вашето семејство.

Дури ако во моментот не можете да си ја претставите големата слика или како ќе ја постигнете, тоа не значи дека веќе не сте тргнале по патот кон неа. Ако ги правите малите работи, имате позитивен став и силна мотивација, секој ден ќе додавате уште еден слој, додека еден ден не погледнете назад за да видите како придвижената од вас верижна реакција ви помогнала да се претворите во бисерот кој требало да станете.

**Засекогаш ваш,**



**Rex Maughan**

Главен извршен директор на ФЛП



# ДАЛИ СТЕ ПОДГОТОВЕНИ ДА ВЛЕЗЕТЕ ВО ФОРМА? БИДЕТЕ ФОРЕВЕР Ф.И.Т.

Дали сте склони да јадете повеќе? Дали ве искушуваат слатки, чоколади, високо-калорична храна? Или едноставно се чувствувате опуштено и сакате да влезете во добра физичка форма? Новата усовршена програма Форевер Ф.И.Т. е одличен фитнес план, разработен да ви помогне да го промените начинот на живот и да си создадете здрави навики.

## ЗДРАВ ДУХ ВО ЗДРАВО ТЕЛО

Вашиот однос и став имаат основна улога во пристапот кон физичката активност, градењето на здрави навики на исхрана и постигнувањето на стабилни резултати на долгорочен план. Клин 9 (C9) – првата фаза на програмата, е една од нај-ефективните алатки за нов почеток. Клин 9 е создадена за да ја врати контролата во вашите раце. Овој 9-дневен ниско-калоричен режим на исхрана ќе ви помогне да тргнете по патот кон постигнување на вашите цели во неколку чекори кои се лесни за следење, со вкусни рецепти и физички вежби.

Сите имаме конкретни цели во однос на тежината и начинот на живот, но не успеваме секогаш да се справиме на најдобриот начин. Често се покажува дека не успеваме да одделиме време за да ја откриеме соодветната за нас фитнес програма, тренинг во фитнес салата со личен инструктор нѝ е скапо, а работата и сите останати секојдневни ангажмани го исполнуваат времето и ги изместуваат приоритетите во друга насока. Е, веќе е време да ја преуредиме својата програма, да ги разместиме приоритетите и да не го занемаруваме своето здравје, бидејќи добрата физичка форма и здравите навики во исхраната се основата на добрата форма и кондиција во иднина. Клин 9 е вашето лесно и достапно решение.

## ДАЛИ СТЕ ПОДГОТВЕНИ ДА ЗАПОЧНЕМЕ?






# Среќни сме со вас
## што го споделуваме животот

**Заедно поминавме низ многу предизвици и тоа со НАСМЕВКА на лицето!**

**За неколку дена ќе го дочекаме Новогодишните и Божиќните празници и ајде да видиме каде сме и што сакаме да постигнеме.**

**Бидете среќни и забавувајте сè колку можете!**

**Бидејќи сите тоа го заслужувате!** 💯




**Ова обраќање кон вас е откако во ноември ја спроведовме годишната обука за нови сопственици на Форевер бизнис. Во Боровец се собравме повеќе од 400 луѓе од Бугарија и С.Македонија. И заедно со емоциите, ентузијазмот и задоволството да бидеме заедно со толку многу луѓе со кои споделуваме исти вредности, имаме исти цели и подготвени сме да направиме сè што е неопходно за да ги постигнеме, сфаќаме колку сме среќни што го споделуваме животот со сите вас.**

Зошто иако се движиме во една насока и заедно ги исполнуваме мечтите менувајќи си го животот со бизнис можноста на Форевер, сите вие сте различни луѓе, со различно минато, карактери и сфаќања на светот и секој е уникатен сам по себе. Најголемото задоволство за нас сите овие години е тоа што сме сведоци на вашиот пат кон подобар и поразличен живот. Вие сте позитивни, фокусирани, креативни и забавни и секогаш сте биле за нас различни од масата околу нас.

Изминатите години не беа лесни за никого, но сите сме среќни да се потсетиме како започнавме, низ какви предизвици поминавме заедно и да си дадеме извештај каде сме сега и што нè очекува. И сето ова со НАСМЕВКА на лицето!

Само за неколку денови ќе ги славиме Новогодишните и Божиќните празници. За мнозина од вас периодот е многу оптоварен со активности за подобар развој на вашиот бизнис, активности кои ќе ви помагаат да се издигнете на нови нивоа во маркетинг планот на компанијата и да правите нови и нови решителни чекори кон подобар живот. Искористете го максимално ефективно. Лично вие, како и луѓето околу вас, искористете колку е можно повеќе од производите на Форевер, за да ги подготвите подароците за претстојните празници. Среќавајте сè и зборувајте со колку може повеќе нови луѓе. Но не ги заборавајте и луѓето од вашиот тим кои во моментот не се активни. Контактирајте ги повторно и искористете ја секоја можност да го зголемите сопствениот бизнис и да се квалификувате за учество на следните возбудливи средби во Струга и Сиднеј, Австралија. Издигнете сè на ново ниво во маркетинг планот и помогнете на еден, два или повеќе соработници од вашиот тим да го постигнат истото. Дајте сè од себе за да можеме заедно да се квалификуваме за нај-дарежливата програма на Форевер – Chairman's Bonus.

И откако ќе го направите сето ова, прославете Нова Година и Божиќ со семејството и пријателите. Бидете среќни и забавувајте сè колку можете! Бидејќи вие тоа го заслужувате.

И не заборавајте да си посакате нешто ново и големо од можностите кои ги предлага компанијата, и да си изготвите план како тоа да го постигнете во следните месеци или година.

## Среќни Новогодишни и Божиќни празници!



Ве сакаме!
**Стефан и Тања Стаеви**




# Зајакнете го имунитетот

Една од најголемите грижи на многумина кога температурите паѓаат е настинката и можноста да бидат врзани за кревет подолго од недела дена. Настинката го става телото во ослабена позиција, а често пати знае и да се совпадне со важни прилики, празници или моменти кои бараат оптимално здравје.

За жал, вашиот имунолошки систем е кревок и бара константно снабдување со хранливи материи за да остане балансиран. Ова е потребно за да може да го брани организмот од инфекти и други несакани супстанци. Правилната исхрана му помага на вашето тело да зајакне и му дава поддршка на имунолошкиот систем. За среќа има многу храна која е богата со потребните витамини и минерали за добар имунитет.

Цитрусите, пиперките, брокулите, спанаќот и пилешкото се одлична храна која треба да ја вклучите во деновите кога е важно да му дадете поддршка на имунитетот. Овие намирници содржат есенцијални витамини кои помагаат за одржување на нормалната функција на имунитетот, а пред сè витамините А, С и B6.

Витаминот А е потребен за нормално функционирање на организмот. Освен неговата улога за добар имунитет, овој витамин придонесува за одржување на нормална слузокожа и нормален метаболизам на железото. Слузокожата го штити ткивото од надворешните фактори кои може да нанесат штета. Слузокожа има во устата, респираторниот тракт, носот, белите дробови и други органи. Ако витаминот А е потребен во вашата исхрана, слободно вклучете **Forever Daily** и **Forever Kids** – двата производа содржат витамин А.

Витаминот С е можеби еден од најважните и најпознати витамини, бидејќи му користи на вашето тело од многу аспекти. Освен што придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем, овој антиоксидант ги заштитува клетките од оксидативен стрес. Оксидативниот стрес се јавува кога постои нерамнотежа во организмот и тој се бори да ги неутрализира штетните ефекти од надворешните фактори.




**Nature-Min** е богат со макро-минерали и минерали во трагови. **Forever Immublend** содржи витамини C,D и цинк.

Антиоксидантите како витаминот C може да помогнат овој процес да се одвива непречено што е уште една причина да го зголемите неговиот дневен внес кога времето заладува. Ако барате додаток кој содржи витамин C, **Forever Daily** и **Forever Kid**s се одличен избор, но **Argi+** е вреден за размислување, особено ако практикувате физички вежби кои дополнително го оптоваруваат вашето тело.

**Forever Aloe Vera Gel** е можен заштитник против бактерии и придонесува за добар имунолошки систем.

Мултивитаминот **Forever Daily** го спомнавме повеќе пати, од причина што ги содржи сите хранливи материи кои ви се потребни секој ден, вклучително и минерали во трагови.Минералите во трагови се можеби потценети во споредба со витамините и макро-минералите како калциум, елементите како цинк, бакар, железо и селен треба да се важен дел од вашата исхрана. Цинкот, бакарот и селенот се антиоксиданти кои придонесуваат за заштита на клетките од оксидативниот стрес, додека железото има важна улога во делбата на клетките. Сите овие елементи придонесуваат за нормална функција на имунолошкиот систем, а храната која ги содржи вклучува школки, лиснато зеленило, црвено месо и бразилски ореви.

Еден витамин кој нѝ недостасува во овие есенски денови е витаминот D. Сонцето е ефикасен природен извор на овој витамин, но за време на есенските и зимските месеци витаминот D е подобро да се внесе преку храната. Мрсните риби, жолчката од јајце и печурките се богати со витамин D, но ако не ви се омилена храна, тогаш можете да користите **Forever Daily** и **Forever Kids или Argi+**. Витаминот D придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем, помага за намалување на мускулна слабост и е потребен за нормален раст и развој на коските кај децата.

Веганите мора да посветат внимание на витаминот B12 бидејќи овој витамин го има во месото, рибата и млечните производи. Витаминот B12 помага за нормална функција на имунолошкиот систем, придонесува за нормално формирање на црвени крвни зрнца и е важен за делбата на клетките. Храната која е богата со овој витамин, може да изгуби од неговата вредност кога долго време се приготвува на висока температура. Мулти-витамините на Форевер и **Argi+ се богати со** B12, а можете да користите и **Forever B12 Plus**.



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ОКТОМВРИ 2019 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕР



Алексовска Мери

## СУПЕРВИЗОР



Милосављевиќ Драгица

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ



1. Аврамовска Марија
2. Азманова Јасмина
3. Андриевска Ленче
4. Бислими Селвие
5. Богдановска Виолета
6. Богеска Весна
7. Василевска Билјана
8. Велинова Мартина
9. Данева Билјана
10. Делевска Стојанка
11. Демеска Ениса
12. Димишкова Светлана
13. Дрзманоска Марија Алоа Вера
14. Зарев Наташа
15. Итов Тодор
16. Јолеска Маја
17. Јовановска Евгенија
18. Јорданов Милан
19. Јовановска Слаѓана
20. Колевска Вана
21. Капевска Марина
22. Китаноска Данијела
23. Костадиновска Китоски Марина
24. Крстевска Маријела
25. Крстевски Мирјана
26. Лековска Билјана
27. Мицкоска Александра
28. Мицова Лидија
29. Митреска Магдалена
30. Митревски Филип
31. Младеновски Столе
32. Наумова Тина
33. Николовска Оливера
34. Николовска Јагода
35. Николовски Оливер
36. Павлоска Ивана
37. Пачемска Габриела
38. Панова Наумовска Елена
39. Павиќ Магдалена
40. Павловски Марија
41. Пецанска Силвана
42. Петрова Светлана
43. Поповски Коњо
44. Постолова Сандра
45. Ралева Најдевска Ирена
46. Рашевски Владимир
47. Реџепи Редифе
48. Скендери Миневер
49. Стојчов Александар
50. Станоевска Сања
51. Сулимани Сузан
52. Танелова Оливера
53. Трајкова Вера
54. Цандова Костадинка
55. Џалева Марија

## facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**




Величковски Зоран
Трпеска Билјана

**Клуб 4 – ниво 3**




Зеќири Емине

## SUCCESS DAY

**12.01.2020**

**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**

**Почеток 11 часот**

Влезници може да се подигнат од канцеларијата на Форевер.

**Forever Party** се организира во Holiday Inn во 14:00.
Мени-1000 ден.
Пријавување во канцеларијата на Форевер.

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Елена Гелевска |
| 2. Елена Гелевска | 2. Стевица Димовска |
| 3. Славица Донакова | 3. Др.Роза Гелевска |
| 4. Др.Снежана Контра | 4. Вера Златковска |
| 5. Вера Златковска | 5. Славица Донакова |
| 6. Стевица Димовска | 6. Мери Алексовска |
| 7. Катерина Трајчевска | 7. Слаѓана Маџова |
| 8. Блага Крстеска | 8. Жарко Георгиевски |
| 9. Слафко Михајловски | 9. Бејтуле Сулејмани |
| 10. Мери Алексовска | 10. Катерина Трајчевска |


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.